Врз основа на член 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000), а во врска со член 4 точка 9 од Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и извоз ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2004), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# У П А Т С Т В О
# ЗА ПОБЛИСКИ ПОДАТОЦИ ПОТРЕБНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛА НА СТОКИ КОИ СЕ УВЕЗУВААТ - ИЗВЕЗУВААТ ПОД ОЗНАКА Д4

Член 1

Со ова упатство се пропишуваат поблиските податоците за издавање на дозвола на стоки кои се увезуваат извезуваат под ознака Д4.

Член 2

За добивање на дозвола на стоки кои што се увезуваат и извезуваат под ознака Д4 се поднесува барање до Министерството за животна средина и просторно планирање кое покрај општите податоци од Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и извоз ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2004), ги содржи и посебните податоци за секоја стока поблиску определени со ова упатство.

Член 3

Кога барањето од член 2 на ова упатство се однесува на увоз - извоз на азбест (тарифен бр. 2524), азбесно цементни производи, производи од цемент со целулозни влакна (тарифен бр. 6811), преработени азбесни влакна, мешаници врз база на азбест или врз база на азбест и магнезиумкарбонат, производи од тие мешаници врз база на азбест (нишки, ткаенини, облека, покривка за глава, обувки, затинии), зајакнати или незајакнати (тарифен бр. 6812) освен производите од тарифен бр. 6813, треба да го содржи и следново:

- изјава за намена на стоката доколку стоката се користи како репроматеријал во која ќе се приложи опис на технолошкиот процес со карактеристика на репроматеријалот, готовиот производ, анализа на можните извори на загадување со мерки за заштита на животната средина од евентуално загадување, начинот на депонирање/отстранување/ и рециклирање на отпадниот материјал;
- доказ дека не е можна или оправдана супституција на азбестните со безазбестни материјали;
- податоци за крајните корисници и намената (примената) на стоката, доколку истата стока се користи за натамошна продажба;
- проценка на годишните потреби од стоката што се увезува и
- податоци за мерки и правила за постепено исклучување на азбестот од употреба кои се преземаат или планираат.

Член 4

Кога барањето од член 2 на ова упатство се однесува на увоз - извоз на халогени деривати и јаглероводи (тарифен бр. 2903) и други производи од хемиската индустрија-мешавини кои содржат два или повеќе различни халогени (тарифен бр. 3824 71 00 00 и 3824790000), треба да го содржи и следново:

- карактеристики на репроматеријалот доколку истиот се употребува во одреден технолошки процес и анализа на можни загадувања на животната средина и природата како и решенија за заштита;

- означување на  тарифниот број и количината на секоја од компонентите, во случај кога стоката да е составена од повеќе различни компоненти (пр. фрижидери, витрини, замрзнувачи);
- хемиска формула со карактеристики на стоката;
- потекло на стоката, полн назив на производителот и државата на увоз;
- податоци за крајниот корисник на стоката со образложение за намена и примена на истата;
- доказ дека поседува соодветен простор за складирање и продажба;
- доказ дека поседува соодветни кадровски и технички можности  за сервисирање;
- преглед на тримесечни потреби од увоз на овој вид стока и извештај за состојбата со претходно увезената стока и
- мерки за постапување со неупотребливата стока и отпадниот материјал што се добива при сервисирањето како и начинот на негово депонирање/отстранување/ рециклирање.

Член 5

Кога барањето од член 2 на ова упатство се  однесува на увоз на стока (нуклеарни реактори (Еуроатом), машини и апарати за сепарација на изотопи и нивни делови (Еуратом) горивни елементи (патрони), неозрачени (Еуратом), делови на нуклеарни реактори (Еуроатом), фрижидери, замрзнувачи и други уреди за ладење или замрзнување, електрични или други; топлотни пумпи, освен уредите за климатизација, од тар. број 8415, употребувани, електрични машини и опрема и нивни делови; апарати за снимање или репродукција на звук, телевизиски апарати за снимање или репродукција на слики и звук, делови и прибор за овие производи, црно-бели или други еднобојци, потрошени примарни ќелии, потрошени примарни батерии, потрошени електрични акумулатори, оловни акумулатори, друго, отпадоци и остатоци од примарни ќелии и електрични акумулатори, што содржат олово, друго, специјално направени за превоз на високо радиоактивни материјали (Еуроатом), тркала од алуминиум; делови и прибор за тркала, од алуминиум, тркала во форма на ѕвезда, лиени во едно парче, од железо или челик : (тарифен број: 8401 10 00 00, 8401 20 00 00, 8401 30 00 00, 8401 40 00 00, 8418 10 91 90, 8418 10 99 90, 8418 21 10 90, 8418 21 51 90, 8418 21 59 90, 8418 21 91 90, 8418 21 99 90, 8418 22 00 90, 8418 29 00 90, 8418 30 91 90, 8418 30 99 90, 8418 40, 8418 40 91 90, 8418 40 99 90, 8418 50 11 90, 8418 50 19 90, 8418 50 91 90, 8418 50 99 90, 8528 12 56 90, 8528 12 58 90, 8528 13, 8528 13 00 90, 8528 21 14 90, 8528 21 16 90, 8528 21 18 90, 85 48 10 10 00, 8548 10 21 00, 854810 29 00, 8548 10 91 00, 8548 10 99 00,8708 70 50 00, 8708 70 91 00, треба да го содржи и следново:
- доказ дека увозникот поседува соодветен простор за складирање и продажба;
- доказ дека увозникот поседува соодветни кадровски и технички можности  за сервисирање;
- преглед на тримесечни потреби од увоз на овој вид стока и извештај за состојбата со претходно увезената стока;
- мерки за постапување со неупотребливата техничка стока и отпадниот материјал што се добива при сервисирањето како и начинот на негово депонирање/отстранување/ рециклирање и
- означување на тарифниот број и количината на секоја од компонентите во случај стоката да е составена од повеќе различни делови.

Член 6

Кога барањето од член 2 на ова упатство се однесува на увоз на протектирани и употребувани надворешни пневматски гуми со воздушни комори изменливи протектори (газечки слој) и штитници од гума, (тарифен број 4012109000, 401220 90 00, 4012900000), треба да го содржи и следново:

- изјава за целта на увозот; за натамошна продажба,преработка, за нови финални производи од гума или за други технолошки потреби за натамошна доработка;

- изјава на барателот при увоз на гуми за натамошна доработка, во поглед на тоа каква доработка ќе врши над увезените гуми; репарацијата; начин на заштита од нитростанини при возењето, протектирање;

- елаборат за технолошка постапка при увоз на гуми кои ќе се употребуваат за нови финални производи од гума или за друга технолошка постапка (гранулирање и сл);

- доказ дека има технолошка линија со годишен капацитет на технолошкиот процес за протектирање со еколошко технолошки - проект одобрен од Министерството за животна средина и просторно планирање во кој треба да биде образложен технолошкиот процес, годишен капацитетот на технолошката линија, количина и карактеристики на репроматеријалот, количина и квалитет на готовиот производ како и начинот на постапување со отпадниот материјал односно негово рециклирање - депонирање;

- договор со правното или физичкото лице за натамошна продажба кое ги исполнува условите од став 1 точка 4 од овој член протектирање на стока за која се бара дозвола за увоз.

Член 7

Кога барањето од член 2 на ова упатство се однесува на увоз - извоз на отпадни материи, треба да ги содржи следните податоци:

- приказ на технолошкиот процес со карактеристика на репороматеријалот, доколку стоката се користи како репроматеријал, како и да се прикаже готовиот производ, анализа на можните извори на загадување со мерки за заштита на животната средина од евентуално загадување, начин на депонирање/отстранување/рециклирање на отпадниот материјал;

- назив на крајниот корисник, доколку стоката се користи за натамошна продажба при што треба да се приложат изјава од крајните корисници за намената (примена) на стоката;

- сертификат за радиолошка исправност од овластена институција на земјата извозникот при преминот на царинската линија и сертификат за радиолошката исправност од овластена институција во Р.Македонија;

- договор со крајниот потрошувач како и договор за складирање на стоката доколку ја складира во Р.Македонија пред да се изврши извозот.

Во случај кога отпадни материи се наменети за реекспорт или доработка, барањето треба да содржи:

- доказ дека процесот на производство и употребата на предметната стока во тој процес, не предизвикува негативни влијанија врз животната средина, што би било предмет на студија за оцена на влијанието врз животната средина или елаборат за заштита на животна средина.

За вршење на увозот/извозот на опасен отпад се доставуваат податоци утврдени согласно формуларите на Анексите од Базелската Конвенција.

Член 8

Кога барањето од член 2 на ова упатство се однесува на увоз - извоз на загрозени видови на диви животни, растенија и габи, треба да ги содржи следните податоци:

- трговско и латинско име на растителните или животинските видови или нивни примероци (род, вид ако е потребно и подвид);

- договор со откупни станици за откупните количини наменети за извоз;

- изјава за потекло на видот на диви животни, растенија и габи (од дивата природа, фарма, кафези, ако е од дивата природа од територијата на Р.Македонија од кој регион/и и локалитет/и е одземен/собран начинот на набавување и цел на извозот (да не е набавен спротивен од закон);

- доказ за поседување објект за складирање;
- доказ за поседување на производство/одгледување на видовите, кога се извезуваат видови што се произведуваат/одгледуваат во посебни капацитети.

Член 9

Со денот на влегување во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за поблиските податоци за издавање дозвола за стоки кои се увезуваат/извезуваат под ознака Д4 ("Службен весник на Република Македонија" бр.35/97).

Член 10

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 07-4047/5
10 декември 2004 година
Скопје

Министер,
**Љубомир Јанев,** с.р.